РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19), и член 40 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, на 46-та седница одржана на 19.02.2021 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата поднесена на 10.05.2019 година од непознат подносител (анонимна пријава) врз основа на која е оформен предмет со број 12-2672/1 од 10.05.2019 година, **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-2672/1 од 10.05.2019 година од причина што ДКСК по друг предмет со исти наводи веќе постапувала и донела одлука, но и поради фактот што во конкретниот случај настанати се промени во фактичката состојба по донесување на новиот Статут на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" Скопје од страна на Собранието на Република Северна Македнија во месец август 2019 година.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 12-2672/1 од 10.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за незаконитости во постапувањето на Ректорот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" Скопје, ---------------------- во врска со неспроведување на членот 96 од Законот за виското образование во смисла на неизбор на претседател на Сенат и негово незаконско претседавање со Сенатот на Универзитетот, го оневозможувал донесувањето на Статутот на Универзитетот со доставување на текст на Статут со поинаква содржина до Собранието на РСМ, неспроведување на Законот за виското образование во делот на изборот на другите работни тела во рамките на Универзитетот и друго.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК констатира дека во Архивата на ДКСК во 2019 година се доставена и друга пријава од непознат подносител со идентични наводи по која е оформен предмет со број 12-814 од 2019 година, по кој ДКСК постапуваше и има донесено одлука согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Имајќи го во предвид наведеното, како и фактот дека во месец август 2019 година, Собранието на Република Северна Македонија го донесе новиот Статут на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" Скопје, настанати се промени во фактичката состојба и работењето на Универзитетот, поради што ДКСК заклучи дека нема елементи за натамошно постапување во конкретниот случај, а предметот да се затвори и да се архивира.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И. П.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk